Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2021 година**

Седницата започна во 14:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука.

На седницата присуствуваа и Драган Антовски, директор на АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост, Александар Маринчески, државен правобранител за подрачје Скопје во Државно правобранителство на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Мила Царовска, министер за образование и наука.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов:

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 78-та (тематска) и 80-та седница на Владата, одржани на 15 јуни 2021 година и 16 јуни 2021 година.

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**
- **Агенда Европа дома**

1. Записник од Четириесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 21 јуни 2021 година и Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 21 јуни 2021 година

2. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (алат и опрема)

3. Иницијатива за раскинување на Договор за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште склучен со непосредна спогодба

4. Годишна сметка за 2020 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип во 2020 година, со Извештај од независниот ревизор и со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица – Пробиштип

6. Информација со предлог барања во врска со намалена реализација на приходите на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје во 2021 година и преземени активности за надминување на финансиските импликации од пандемијата со КОВИД-19

7. Барање од АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост, за пренамена на дел од средства од остварена добивка од 2019 година

8. Информација по повод судскиот предмет по тужбата на тужителот Република Северна Македонија против тужените Министерство за економија од Скопје и АД за промет и услуги Уса мак Скопје од Скопје заведен под број 51 ТС 239/18 пред Основен граѓански суд Скопје (П бр.1174/114)

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка

10. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

11. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

12. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/21), со Предлог – одлука

13. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала“, Општина Теарце, со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, Изградба комерц експорт-импорт Скопје на локалитетот „с.Идризово-1“, Општина Гази Баба

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба

16. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Грузија за укинување на визи

17. Информација за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во случаите Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 13 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 10 други апликации, со Предлог-одлука

18. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата Анадолски орел („Anatolian Eagle 21"), на територијата на Република Турција, со Предлог-одлука

19. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана

20. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/483 на Советот од 22 март 2021 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма

21. Предлог-одлука за давање на трајно користење недвижна ствар на Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите

22. Барање на Схавн Андре Скот, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип (книги)

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев" Штип (книги)

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (книги)

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св.Климент Охридски" Скопје (книги)

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола (книги)

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски" Битола (книги)

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (книги)

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (книги)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (книги)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги)

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Библиотека „Кочо Рацин“ Тетово (книги)

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (книги)

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ Струга (книги)

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (книги)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги)

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (книги)

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ Охрид (книги)

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги)

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) (книги)

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги)

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (книги)

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура Крива Паланка (книги)

48. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде" Тетово

49. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

50. Барање за давање на автентично толкување на членот 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20), поднесено од пратеникот Јован Митрески

51. Барање за давање на автентично толкување на член 19 став 1 точка 4, во врска со член 18, став 1 и член 83 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка

52. Извештај за работа на Комисијата на хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2020 година, Извештај на независниот ревизор и финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2020 година и Финансиски план за деловната 2021 година

53. Годишен извештај за работењето на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје во 2020 година

54. Статут на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје (бр. 03-148/1 од 7.4.2021 година)

55. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.263/2020 од 10 февруари 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 5 ставовите 3 и 4 од Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на

стручните знаења и вештини и обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, број 02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/2020)

56. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.219/2020 од 5 мај 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 15 став 1 точка 1 во делот: „освен конзуларните претставништва водени од почесни конзули“ и ставот 7 од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19)

57. Понуда од нотар Васил Кузмановски од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100574, за КО Охрид 4, на КП бр. 966, викано место/ улица Амбарџиица и Имотен лист бр. 100574, за КО Охрид 4, на КП бр. 967, викано место/ улица Амбарџиица

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Информација за проектот „Дигитализирање на европската младинска картичка“

61. Информација за степен на реализација на Законот за младинско учество и младински политики

62. Информација за формирање на Совет за млади

63. Информација за воспоставување на организациона единица „Истражувачки центар“ во рамките на Агенција за млади и спорт

64. Извештај за финасиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година

65. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизијана усогласеност за 2019 година на Министерството за култура (сметка на основен буџет 637-10 и сметка на основен буџет 637-12)

66. Информација за вкупниот (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1.7.2019 година до 31.12.2019 година

67. Информација за исплата на пензии за јуни 2021 година

68. Информација за престанок и давање на трајно користење на движна ствар електронски систем за координација во планирање, спроведување, мониторинг и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој, наречен „СиРеРа“, со Предлог-одлука

69. Информација во врска со склучувањето на Договорот за правен ангажман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и адвокатската фирма Лексиа Аввокати (Lexia Avvocati) со седиште во Милано, Република Италија, за давање на определени услуги како правни советници/трансакциони советници во врска со Проектот Чебрен, со текст на Договорот

70. Информација во врска со склучување на Договор за консултантски услуги помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Прајсвотерхаускуперс ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор за консултантски услуги

71. Информација во врска со реализацијата на Проектот за конзервација и реставрација на црквата Св. Ѓорѓи во с.Курбиново – I фаза – архитектура

72. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2020 година

73. Информација за изготвување на материјали за учење и други дидактички материјали за основно образование

74. Предлог-програма за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022)

75. Информација за склучување на Меморандум за разбирање со Меѓународната банка за реконструкција и развој во врска со Проектот за Локална и регионална конкурентност од Акциското фише 2014 од ИПА 2, со текст на Меморандум

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 78-та (тематска) и 80-та седница на Владата, одржани на 15 јуни 2021 година и 16 јуни 2021 година.

*

* *

Пред преминување на Дневен ред:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, ги информираше членовите на Владата за реализираните средби и разговори со официјалните претставници на Република Бугарија, а во однос на преземените активности на Владата на Република Северна Македонија согласно Португалскиот предлог за решавање на отворените прашања со Република Бугарија, со крајна цел приближување на ставовите со Република Бугарија и отпочнување на преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

- **Агенда Европа дома**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров ги информираше членовите на Владата за статусот на активностите од Агенда Европа дома и укажа на потребата од запазување на роковите за постапување.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ги разгледа Записникот од Четириесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 21 јуни 2021 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 21 јуни 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 21 јуни 2021 година.

2. Се дозволува превоз на патници со максимален капацитет од 100% на сите превозни средства, кои вршат меѓуопштински линиски превоз на патници, слободен превоз на патници и посебен линиски превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај (во меѓуопштинскиот, општинскиот и превозот на територија на градот Скопје), превоз на патници за сопствени потреби во внатрешниот патен сообраќај (за возила со капацитет од најмалку девет седишта по возило несметајќи го и седиштето на возачот), меѓународен линиски превоз на патници, меѓународен слободен превоз на патници, меѓународен превоз на патници за сопствени потреби

(за возила со капацитет од најмалку девет седишта по возило несметајќи го и седиштето на возачот) и општинскиот линиски превоз на патници, односно за линиски превоз на патници во градот Скопје, со максимално почитување на мерките и протоколите за заштита од COVID – 19. Превозниците се одговорни за спроведување и контрола на мерките за превенција предвидени во Протоколот.

3. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да ја разгледа можноста да се дозволи организирање на свадби, прослави и веселби во затворениот дел од угостителскиот објект, а бројот на гостите се ограничува на максимум 50% исполнетост на капацитетот на затворениот дел, но не повеќе од 350 гости, согласно соодветниот наменски протокол и за истото да ја извести Владата.

4. Се задолжуваат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи на наредната седница на Владата да се произнесат за можноста за укинување или намалување на бројот на полициските и армиските сили за обезбедување кои во моментов обезбедуваат 6 точки на контрола во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ – Скопје и 17 точки на контрола на вакциналните пунктови на територијата на целата земја.

5. Се одобрува Барањето за оддржување на рекреативен велосипедски настан outdoor festival-„Азот МТБ предизвик 2021“, со протокол за начинот на условите и одржување, поднесено од ЗГ Велес Бајкинг, под бр.0703-15 од 11 јуни 2021 година, со почитување на Протоколот за организирање на овој рекреативен велосипедски настан, како и општите превентивни мерки за спречување на ширење на КОВИД-19. Организаторот на настанот е одговорен за спроведување и контролата на мерките на превенција предвидени со Протоколот.

6. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да го разгледа Барањето со Иницијатива за изменување на Одлуката за превентивни мерки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на населението од заразна болест КОВИД-19, поднесено од Македонска банкарска асоцијација и за истото да ја информира Владата.

Истовремено, Владата дозволи влез на придружните лица на патниците во двете аеродромски згради на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид, со почитување на соодветните наменски протоколи.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (алат и опрема), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Иницијативата за раскинување на Договор за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште склучен со непосредна спогодба и по истата заклучи да и препорача на Општина Центар да постапи согласно Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2020 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип во 2020 година, со Извештај од независниот ревизор и со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, со препорака да се превземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на настанатите обврски од изминатиот период и подобрување на наплатата на побарувањата.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог барања во врска со намалена реализација на приходите на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје во 2021 година и преземени активности за надминување на финансиските импликации од пандемијата со КОВИД-19 и по истата ги прифати укажувањата и насоките изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 7

Владата го разгледа и го прифати Барањето од АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост, за пренамена на дел од средства од остварена добивка од 2019 година.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата по повод судскиот предмет по тужбата на тужителот Република Северна Македонија против тужените Министерство за економија од Скопје и АД за промет и услуги Уса мак Скопје од Скопје заведен под број 51 ТС 239/18 пред Основен граѓански суд Скопје (П бр.1174/114) и заклучи:

-со цел за заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија се овластува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ја повлече тужбата на тужителот Република Северна Македонија против тужените Министерство за економија Скопје и АД за промет и услуги Уса мак Скопје за основ Утврдување на ништовност на Договорот за продажба на 27496 обични акции по судскиот спор заведен под 51 ТС бр.239/18 пред Основен граѓански Суд-Скопје.

## Точка 9

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 10

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/21), со Предлог – одлука и не ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за градежништво Трибеко груп ДОО Скопје на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров.

## Точка 13

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала“, Општина Теарце, со Предлог-одлука, со заклучок повторно да се разгледа на Владата по донесувањето на Предлог – законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, којшто е во собраниска постапка.

Претходно материјалот да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 14

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, Изградба комерц експорт-импорт Скопје на локалитетот „с.Идризово-1“, Општина Гази Баба и не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, Изградба комерц експорт-импорт Скопје на локалитетот „с.Идризово-1“, Општина Гази Баба.

## Точка 15

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елена Манчева, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Петар Богучевски, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Грузија за укинување на визи, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Јакуп Реџепи, директор во Министерството за надворешни работи, Горан Бојковски, помошник-директор во Министерство за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во случаите Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 13 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 10 други апликации со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Средствата да се исплатат најдоцна до 28 јуни 2021 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата Анадолски орел 21 („Anatolian Eagle 21"), на територијата на Република Турција со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Anatolian Eagle 21", на територијата на Република Турција, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/483 на Советот од 22 март 2021 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење недвижна ствар на Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа Барањето на Схавн Андре Скот, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип (книги), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев" Штип (книги), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (книги), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св.Климент Охридски" Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола (книги), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола (книги), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (книги), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (книги), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (книги), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (книги), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Библиотека „Кочо Рацин“ Тетово (книги), во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (книги), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Браќа Миладиновци" Струга (книги), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (книги), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (книги), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (книги), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (книги), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (книги), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Библиотека „Григор Прличев" Охрид (книги), во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (книги), во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), (книги), во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (книги), во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (книги), во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура Крива Паланка (книги), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“ Тетово, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следното мислење:

Наводите изнесени во барањето за давање на автентично толкување на членот 44 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор поднесено согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија се неосновани.

Законот за вработените во јавниот сектор во својство на lex generalis, со член 1 ги уредува општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања, за вработените во јавниот сектор.

Во Законот за вработените во јавниот сектор е предвидена ГЛАВА VII-Мобилност на вработените во јавниот сектор. Со член 42 е уредена мобилноста. Со став (1) е уредено дека мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места, утврдена со овој закон.

Ставот (2) е јасен и со него законодавецот уредил дека мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места во институцијата во која се распоредува или се презема.

Со член 44, мобилност преку преземање, со став (1) е уредено дека „вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која е вработен или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот".

Со член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор се уредени актите за внатрешна организација и систематизација на работните места. Став (1) уредува дека со актот за внатрешната организација, за секоја институција на јавниот сектор, се утврдува видот и бројот на организациските единици и нивниот делокруг на работа, при што составен дел е графичкиот приказ на организацијата на институцијата (органограм). Ставот (2) е јасен и со него законодавецот уредил дека со актот за систематизација на работните места, за секое работно место во институцијата на јавниот сектор, се утврдува групата, подгрупата, категоријата и нивото каде што припаѓа работното место, како и општите, посебните услови и описот на работите и на работните задачи за секое работно место.

Од анализата на горе цитираните одредби јасно е дека со став (1) од членот 44 е уредено дека преземањето е на исто ниво (односно дека истиот се однесува на работно место на исто ниво), со дополнително појаснување на ставот, дека вработениот во јавниот сектор мора да ги исполни условите (општи и посебни) утврдени за тоа работно место.

Во однос на барањето за давање на автентично толкување, Владата смета дека ставот (1) од членот 44 од Законот за вработените во јавниот сектор е јасен и прецизен и не е потребно автентично толкување.

## Точка 51

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 19, став 1, точка 4, во врска со член 18, став 1 и член 83 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), поднесено од градоначалникот на Општина Чашка и притоа го утврди следново мислење:

Барањето се однесува на автентично толкување на одредбите од член 19, став 1, точка 4, во врска со член 18 и член 83, став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, според кои на осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот, и тоа за по една година за секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци.

Членот 18 од Законот ги уредува општите услови за стекнување на право на старосна пензија според кој осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

По исклучок, определени категории на осигуреници може, во случаи утврдени со одредбите од овој закон да стекнуваат и остваруваат право на пензија под посебни услови.

Одредбите од Глава VII од Законот за пензиското и инвалидското осигурување вклучително и членот 83 се однесуваат на категоријата на работници, осигуреници од внатрешни работи и од казнено-поправни установи и воспитно-поправни домови.

Според член 83 од Законот, работник на Министерството за внатрешни работи кој има најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години живот (маж), односно 50 години живот (жена), може да оствари право на старосна пензија, ако работниот однос му престане по потреба на службата. Со овие законски одредби се уредуваат поповолни услови за стекнување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на овластените службени лица во наведените институции, имајќи ги предвид специфичноста, значењето и интересот на должностите кои ги вршат работниците од овие институции.

Согласно горенаведеното Барање за автентично толкување, во член 19, став 1, точка 4 од Законот, за овластени службени лица во Министерството за внатрешни работи не е таксативно наведено од која старосна граница за остварување на старосна пензија започнува намалувањето на старосната пензија и од овие причини се бара да се толкува дали намалувањето се однесува на двата члена, односно на член 18 и на член 83 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Со оглед дека со член 18 од Законот се уредуваат општите услови за стекнување на право на старосна пензија, додека одредбите од член 83 од Законот се исклучок од општото правило, односно стекнување и остварување на право на пензија под посебни услови, намалувањето на старосната граница од член 19 од Законот започнува со намалување на старосната граница од член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Имајќи предвид дека одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување се јасни и прецизни Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на одредбите од членот 19, став 1, точка 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15,27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20).

## Точка 52

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Комисијата на хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2020 година, Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2020 година и Финансискиот план за деловната 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот за работата, финансиските извештаи и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), според кој Комисијата за хартии од вредност е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија Годишен извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор и Финансиски план за наредната година.

1. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2020 година

Во Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2020 година презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со развојот на пазарот на капитал, нормативната дејност, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Вкупниот промет на хартии од вредност остварен на домашниот пазар во текот на 2020 година изнесува 8,2 милијарди денари (околу 133,26 милиони евра). Прометот на домашниот пазар на хартии од вредност е за 6,4% повисок во однос на 2019 година.

Во текот на 2020 година Комисијата одобрила 8 емисии на акции во вредност од 2,15 милијарди денари, од кои седум биле реализирани како приватни понуди и една емисија на акции како јавна понуда.

Во текот на 2020 година, Комисијата издала три дозволи за преземање на акционерски друштва чии хартии од вредност котираат на Македонската берза, а две од понудите за преземање се целосно завршени.

Во рамки на супервизорската функција, во 2020 година Комисијата извршила вкупно 20 контроли над работењето на сите учесници на пазарот на капитал. Од аспект на усогласеноста на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност со законската и подзаконската регулатива, Комисијата спровела вкупно 10 контроли, од кои 7 редовни и 3 вонредни. Од спроведените контроли Комисијата во 2020 година утврдила определени неправилности во работењето кај овластените учесници во однос на доследно почитување на законската регулатива. Заради утврдените неправилности, Комисијата има изречено 10 мерки кон 7 овластени учесници.

По однос на Извештајот, Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Извештајот за работа на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2020 година.

2. Извештај на независен ревизор и Финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2020 година

Според билансот на состојба на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2020 година, Комисијата располага со вкупни средства во износ од 260,2 милиони денари, кои споредено со 2019 година бележат зголемување за 5,37%.

Според Билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2020 година остварила вкупни приходи во износ од 55,4 милиони денари, односно за 17,3% помалку во однос на 2019 година кога вкупните приходи изнесувале 67,1 милион денари.

Во остварените приходи за 2020 година најголемо учество имаат приходите остварени од провизии и надоместоци во износ од 53,4 милиони денари. Во рамки на приходите од провизии и надоместоци најголемо е учеството на приходите од емисии на хартии од вредност во износ од 18,4 милиони денари, потоа приходите кои Комисијата ги наплатува од овластените учесници на пазарот со хартии од вредност (Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонска берза АД Скопје, инвестициските фондови и брокерските куќи).

Во 2020 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 55,4 милиони денари и се за 15,9% помали во однос на 2019 година кога изнесувале 65,9 милиони денари. Најголемо учество во остварените расходи за 2020 година имаа расходите за вработените и се во износ од 27,3 милиони денари.

Финансиската година Комисијата ја завршила со загуба во износ од 525 илјади денари.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи објективно ја презентираат финансиската состојба на Комисијата, поради што Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да ги усвои финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2020 година.

3. Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2021 година

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2021 година, вкупните приходи и расходи се урамнотежени и се планирани во износ од 67,28 милиони денари. Планираните приходи за 2021 година се за 22,4% повисоки во однос на остварените приходи во 2020 година, додека вкупните планирани расходи за 2021 година се за 45,2% повисоки во однос на реализираните расходи во 2020 година.
Приходите за 2021 година се планира да се остварат од надоместоците за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност, надоместоци за надзор на берзата, депозитарот, брокерските куќи, друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови, надоместоци за одлучување по барање на дозволи, согласности и организирање на обуки, како и други приходи од редовното работење на Комисијата.

Од структурата на планираните расходи за 2021 година се констатира значително зголемување кај материјалните трошоци за 131% во однос на 2020 година, како резултат на зголемување на трошоците за весници, списанија и објави за 574% во однос на 2020 година.

Зголемување се констатира и кај трошоците за вработени за 23,6%, во однос на реализираните трошоци во 2020 година, што е во согласност со Годишниот план за вработување на Комисијата за 2021 година кој е одобрен од Министерството за информатичко општество и администрација.

Исто така, констатирано е и зголемување на трошоците од редовното работење во 2021 година за 97% во однос на 2020 година како резултат на зголемени трошоци за правни и консултантски услуги, како и за преведувачки и лекторски услуги и кај ставката набавка на стоки зголемување за 134% во однос на 2020 година како резултат на планирано опремување на заеднички простории и на деловниот простор на Комисијата.

По однос на Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност за 2021 година, Владата на Република Северна Македонија му препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Финансискиот план за работа на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2021 година.

**Точка 53**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје во 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 18 став (3) од Законот за Развојната банка на Северна Македонија, Развојната банка на Северна Македонија најдоцна до 31 мај во тековната година доставува до Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија Годишен извештај за работењето во претходната година.

Со Извештајот се презентирани податоци за деловното опкружување, профилот на Развојната банка на Северна Македонија, деловната политика и цели, корпоративното управување, организациската и акционерската структура, политиката на Развојната банка на Северна Македонија за спречување на судир на интереси, користење на услуги од надворешни лица, со посебен осврт на финансиските резултати од работењето во 2020 година, кредитните активности и осигурувањето на побарувањата.

Во извештајниот период, активата на Банката е зголемена за 16,3% во однос на 2019 година и изнесува 11.997 милиони денари. Во најголем дел, зголемувањето на активата се должи на порастот на пласираните кредити кои се зголемија за 1.218 милиони денари во однос на 2019 година (пораст од 13,1%) како и паричните средства и паричните еквиваленти кои се зголемија за 485 милиони денари во однос на 2019 година (пораст од 62,4%).

Во 2020 година, Развојната банка на Северна Македонија остварила позитивен финансиски резултат во износ од 31,8 милиони денари, што претставува зголемување од 72,9% во однос на нето-добивката остварена во 2019 година.

Зголемувањето на добивката главно се должи на намалените каматни расходи на Развојната банка на Северна Македонија (намалување од 25,1 % во однос на 2019 година) како резултат на намалените каматни стапки на меѓународниот и домашниот пазар на капитал. Дополнително, Развојната банка на Северна Македонија оствари и намалување на расходите за провизии и надоместоци (намалување од 22,5% во однос на 2019 година).

Во 2020 година, Развојната банка на Северна Македонија пласира кредити во вкупен износ од 81 милион евра. Во вкупното кредитно портфолио на Развојната банка на Северна Македонија најголемо е учеството на кредитите од кредитните линии на Европската инвестициона банка (ЕИБ 1, 2, 3, 4 и 5), преку кои биле пласирани вкупно 56 милиони евра наменети за финансирање на основни средства, трајни обртни средства, приоритетни проекти и mid cap компании. Дополнително, во стопанството банката пласирала средства во износ од 13,5 милиони евра во форма на бескаматни кредити од кредитните линии Ковид 1 и Ковид 2 во име и за сметка на Република Северна Македонија како и 11,5 милиони евра кредити од останати извори на средства на банката.

Во делот на осигурувањето на побарувањата, Развојната банка на Северна Македонија продолжила со осигурување на извозните и домашните побарувања од комерцијални и политички ризици на краток рок. Во 2020 година, вкупниот износ на осигурани побарувања изнесувал 68,9 милиони евра, при што најголемо учество од 76,6% има осигурувањето на извоз, а остатокот од 23,4% се однесува на осигурување на домашни побарувања од краткорочни комерцијални ризици.

Во рамките на активностите на банката, учество има и факторингот како алтернативен финансиски инструмент за финансирање на македонските компании. Преку факторингот, во 2020 година Банката го поддржала извозот на македонски извозници кон купувачи лоцирани во пет земји од регионот и Европската Унија во износ од 5,1 милиони евра (зголемување од 25,8% во однос на 2019 година).

Развојната банка на Северна Македонија има воспоставено систем за управување со ризиците на кои е изложена. Во врска со изложеноста на кредитниот ризик, со состојба на 31.12.2020 година вкупни•т износ на исправка на вредност/посебна резерва изнесува 0,22% од вкупната изложеност на кредитен ризик што укажува на ниско ниво на ризичност. Дополнително, стапката на адекватност на капиталот на банката со состојба на 31.12.2020 година изнесува 30,97% што е значително над законскиот миниум од 8% што укажува на високо ниво на сопствени средства со што се обезбедува солвентна позиција на банката на долг рок.

Во дел XI.Кредитни активности од Годишниот извештај, недостасуваат податоци за бројот на одобрените кредитни барања по кредитни линии во 2020 година, поради што се предлага Извештајот да се дополни со овие податоци.

По однос на останатиот дел од Годишниот извештај, Владата нема забелешки.

## Точка 54

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје (бр. 03-148/1 од 7.4.2021 година) и притоа го утврди следното мислење:

Во текстот на Статутот на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, вградени се сите забелешки дадени од страна на Владата на Република Северна Македонија, со допис бр. 40-2531/1 од 23.3.2021 година и со оглед на тоа Владата нема дополнителни забелешки по истиот и дава позитивно мислење.

## Точка 55

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.263/2020 од 10 февруари 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 5 ставовите 3 и 4 од Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, број 02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/2020). и притоа го утврди следново мислење:

Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, бр.02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 148/2020) е донесен од страна на Стоматолошката комора на Република Северна Македонија врз основа на членот 121 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 133/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19 и 77/21).

Имено, со одредбата од членот 121, став (3) од Законот за здравствената заштита пропишано е дека составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и образците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високото образование ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора, со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Станува збор за стручен испит кој согласно ставот (1) на цитираниот член на Законот за здравствената заштита, го полагаат здравствените работници и здравствените соработници по завршување на пробната работа, односно во рок од една година од денот на завршувањето на планот и програмата за пробна работа

или со исполнување на условите од членот 117 став 4 од овој закон за оптометристите.

Владата на Република Северна Македонија е уверена дека Стоматолошката комора на Република Северна Македонија, која е надлежна за донесување на оспорениот Правилник, ке го има предвид донесеното Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.263/2020 од 10 февруари 2021 година и доколку оцени за потребно ке изготви соодветни измени на Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање иа стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини со обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, бр.02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 148/2020).

**Точка 56**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.219/2020 од 5 мај 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 15 став 1 точка 1 во делот: „освен конзуларните претставништва водени од почесни конзули“ и ставот 7 од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/19) и притоа го утврди следното мислење:

Според Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.219/20 од 5 мај 2021 година, се поведува постапка за оценување на уставноста на член 15 став (1) точка 1) во делот „освен за конзуларни претставништва водени од почесни конзули“ и став (7) од член 15 од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19).

Имено, со член 15 став (1) точка 1) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19) е уредено дека данок на моторни возила не се плаќа или се враќа за моторни возила кога се наменети за службени потреби за дипломатските и конзуларните претставништва, како и посебните мисии акредитирани во Република Северна Македонија врз основа на начелото на реципроцитет, освен за конзуларните претставништва водени од почесните конзули.

Притоа, во став (7) од истиот член е пропишан исклучок од став (1) точка 1) од член 15 на Законот, при што за конзуларните претставништва водени од почесните конзули е регулирано дека при увоз ќе се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50% од пресметаниот данок на моторни возила или ќе им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила.

При уредувањето на предметното прашање во однос на конзуларните претставништва водени од почесните конзули во врска со оданочувањето со данок на моторни возила во Законот за данок на моторни возила, законодавецот одлучи, а притоа имајќи ги предвид одредбите од Виенската конвенција за конзуларни односи, дека ослободувањето од данок или враќање на платениот данок на моторни возила за дипломатски и конзуларни претставништва и за меѓународни организации треба да се прецизира така што се пропиша дека истото нема да се однесува за конзуларните претставништва водени од почесните конзули.

Понатаму, по исклучок им се овозможи при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50% од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила.

Во конкретниот случај се оневозможи постоење на недореченост во Законот и се обезбеди правна сигурност од страна на законодавецот во регулирање на наведената проблематика преку донесување прецизни, недвосмислени и јасни норми кои единствено претставуваат основа за законито и правилно постапување од страна на надлежните органи. Ова посебно што истото претходно беше недоречено, односно не беше уредено, пред сè затоа што институтот „почесни конзули“ се актуелизираше изминативе години поради што постојано се наметнуваше потребата да се разјаснат сите дилеми во постапувањето за конзуларните претставништва водени од почесните конзули, во поглед на оданочувањето поврзано со горенаведената проблематика.

Исто така, се укажува дека целта на став (7) од член 15 од Законот е по исклучок да се овозможи на конзуларните претставништва водени од почесните конзули при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50% од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила и истата е во функција на самиот институт „почесен конзул“. Одлуката на законодавецот произлезе од суштината на самиот институт „почесен конзул“, како и од улогата и значењето на конзуларните претставништва водени од почесните конзули, поради што истата комплетно е легитимна по својата цел, посебно од аспект на улогата и активниот придонес на почесните конзули кон развивање на соработка и унапредувањето на пријателските односи меѓу државите.

Истовремено, се укажува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија треба да го цени фактот дека со предметната одредба од Законот за данок на моторни возила во никој случај не се менуваат меѓународни договори кои се ратификувани во согласност со Уставот. Од таа причина, се потенцира да не се врши погрешно толкување на одредбите од Виенската конвенција за конзуларни односи кои се однесуваат на почесните конзули.

Имено, статусот на почесните конзули и конзулатите раководени од почесни конзули е регулиран со Виенската конвенција за конзуларни односи во 1963 година (Додаток на Сл. лист на СФРЈ број 5/1866) со која е извршена кодификација на конзуларното право, чијашто договорна страна е нашата држава по основ на сукцесија. Виенската конвенција за конзуларни односи која е дел од внатрешниот правен поредок на нашата држава е единствениот правен основ со кој се уредува материјата на почесните конзули и конзулатите раководени од почесни конзули, покрај членот 93 од Законот за надворешни работи.

Конвенцијата нема ниедна одредба која упатува на обврската на државите потписнички во нивното национално законодавство да предвидат олеснувања и привилегии за почесните конзули во врска со моторните возила. Притоа, треба да се има предвид дека Конвенцијата во својата преамбула покрај другото вели: „Уверени дека целта на тие привилегии и имунитети не е да се обезбеди корист на поединци, туку да се обезбеди успешно исполнување на нивните функции преку конзулатот, а во име на тие држави". Фактот дека со Законот за данок на моторни возила на конзуларните претставништва водени од почесните конзули при увоз им се овозможува да бидат ослободени од данок на моторни возила во износ од 50% од пресметаниот данок на моторни возила или да им биде вратен платениот данок на моторни возила за моторни возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила, значи дека нашата држава на оваа категорија странски претставништва им признава привилегии која не е должна да им ги признае согласно Виенската конвенција. При ваква состојба не постои аргумент во иницијативата за да се поткрепи наводот дека со Законот не се почитуваат општо прифатените норми на меѓународното право.

Исто така, дополнително известуваме дека почесните конзули во повеќето држави не уживаат никакви фискални привилегии, бидејќи се државјани или лица со постојан престој во тие држави.

Оттука, со горенаведените одредби од Законот за данок на моторни возила не постои повреда на Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година.

Ова, пред сѐ имајќи го предвид и следново:
- треба да се прави разлика помеѓу конзули од кариера (consules missi) и почесни конзули (consules electi) како две различни врсти на конзули кои се предвидени согласно Виенската конвенција;
- секоја држава има слобода на одлучување дали ќе именува и прима почесни конзули;
- Виенската конвенција за конзуларни односи детално ја регулира материјата на привилегии и имунитети, односно истата е поделена во делови: олеснувања, привилегии и имунитети на конзулат на кариерните конзуларни функционери и други членови на конзулатот (глава II, од член 27 до член 57), режим кој се применува на почесните конзуларни функционери и на конзулатот со кој тие раководат од глава III (член 58 до член 68). ;

- привилегиите и имунитетите на конзулатот раководен од почесните конзуларни функционери потекнуваат од државата на именувањето;
- почесните конзуларни функционери имаат помал обем од привилегии и имунитети од оние кои се доделуваат на кариерните конзули, односно станува збор само за неопходен минимум за извршување на конзуларните работи;
- правниот основ за привилегиите и имунитети на почесните конзуларни функционери не произлегува од функционалната неопходност како што се случај со кариерните конзули;
- почесните конзули имаат државјанство на државата на приемот, заради што нема можност да уживаат привилегии и имунитет, односно подлежат на националното законодавство на државата на приемот како и другите граѓани;
- од аспект на надлежностите се упатува дека во Протоколарниот поредок на Република Северна Македонија, конзулатите раководени од почесен конзул (односно, според нашата номенклатура, т.н. почесни конзулати) како правни субјекти, уживаат извесни даночни привилегии кои се согласно Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година. Овие даночни привилегии се однесуваат на набавка или увоз на предмети за основно функционирање на самиот конзулат како правно лице и
- физичките лица – носители на престижната функција почесен конзул на странска држава во Република Северна Македонија, односно самите почесни конзули, не уживаат даночни привилегии, поради фактот што се воедно и државјани на Република Северна Македонија, што според сите важечки царински и даночни закони во Република Северна Македонија ги ограничува во тој поглед.

Во однос на привилегии и имунитети на конзулат раководен од почесни конзули во Виенската конвенција за конзуларни односи се предвидува следното:

- Во член 59 од Виенската конвенција се предвидува дека државата на приемот треба да ги преземе сите неопходни мерки за заштита на конзулатот со кои раководи почесен конзул, со цел во овие простории да не се влезе насилно или да се наруши мирот или неговото достоинство.
- Конвенцијата предвидува дека заради нормално функционирање на конзулатот со кој раководи почесен конзул, државата на приемот може да дозволи увоз или да го ослободи од царини, даноци и други давачки и такси сите предмети кои се наменети за службена употреба, кои предмети се набројани во членот 61 од Конвенцијата (овде не влегуваат моторните возила).

Согласно горенаведеното со оспорените одредби од Законот за данок на моторни возила не постои повреда на Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година, а воедно не постои повреда и на член 118 од Уставот на Република Северна Македонија.

Воедно, треба да се има предвид фактот дека проблематиката на оданочување на моторните возила не е хармонизирана на ниво на Европската Унија, што значи дека секоја држава има право прашањето поврзано со ослободувањето од данок на моторни возила на конзуларните претставништва водени од почесните конзули да го уреди на национално ниво, односно самостојно.

Имајќи го предвид горенаведеното, во однос на пропишаниот член 15 став (1) точка (1) од Законот за данок на моторни возила, законодавецот ја имаше предвид Виенската конвенција за конзуларни односи, фактот дека физичките лица – носители на функцијата почесен конзул на странска држава во Република Северна Македонија не уживаат даночни привилегии, а воедно се и државјани на Република Северна Македонија, функцијата што ја извршуваат, а која по својот карактер е престижна, како и можноста државата самостојно, односно на национално ниво да пристапи кон уредување на ова прашање.

Притоа, истовремено на национално ниво, законодавецот одлучи и го пропиша став (7) во член 15 од Законот како исклучок од став (1) точка (1) од член 15 од Законот за данок на моторни возила, со што на конзуларните претставништва водени од почесните конзули им се овозможи при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50% од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила.

Воедно, се напоменува дека при пропишувањето на исклучокот на член 15 став (1) точка (1) кој е регулиран во став (7) од истиот член, пресудно влијание имаше улогата на почесните конзули и нивниот активен придонес кон развивање на соработка и унапредувањето на пријателските односи меѓу државите што, всушност, беше од клучно значење, поради што законодавецот одлучи да се пропише предметниот исклучок.

Оттука, се смета дека назначувањето на почесните конзули од државата, природата на функцијата која по својот карактер претставува престиж и чест за секој почесен конзул назначен на оваа функција е единствениот и потребен критериум поради кој е пропишан горенаведениот исклучок, а кој всушност е исполнет веднаш со самото назначување на функцијата „почесен конзул“.

Имено, со дадената формулација во членот 15 ставот 1 точката 1 од Законот за данок на моторни возила со ништо не е повредена темелната вредност од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, затоа што истиот е јасен и недвосмислен и не остава никаков простор за дилеми, правна несигурност, самоволие и различно правно толкување. Одредбата е јасна и децидна: дека олеснувањето од 50% се однесува на конзуларните претставништва водени од почесните конзули, што значи се однесува на сите почесни конзулати и затоа нема потреба да има дополнителни критериуми.

Во овој случај законодавецот се одлучи за пропишување на исклучок бидејќи определувањето на исклучоци е еден од начините и средствата за подетално уредување од општото, бидејќи исклучоците по општата дефиниција претставуваат исклучок од општото (генерално) правило.

Притоа, определувањето на исклучокот вклучува и повикување на одредбата, во однос на која исклучокот е направен, при што исклучокот секогаш уредува и определува нешто различно од општото правило.

Во врска со наводот дека оспорените одредби се спротивни на членот 9 ставот 2 од Уставот според која граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви и се смета дека истиот е бесмислен и како таков неоснован. Да е така, тогаш оваа категорија, како и сите други граѓани треба да плаќа 100% данок на моторни возила. Со оспорената одредба сметаме дека рамноправноста на граѓаните пред законот не е нарушена, првенствено затоа што почесните конзули во смисла на оваа одредба не се обични граѓани, туку странски претставници, а особено затоа што со иницијативата се бараат привилегии што не ги уживаат другите граѓани на земјата.

По однос на наводот дека оспорените одредби се спротивни на членот 51 од Уставот според кој во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, се смета дека истиот е неоснован, затоа што како што погоре е изнесено Законот за данок на моторни возила е во согласност со духот и со одредбите на Уставот.

Во врска со наводот дека оспорените одредби се спротивни на членот 118 од Уставот, според кој меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон, се смета дека истиот е неоснован, поради тоа што оспорената одредба од Законот за данок на моторни возила, во целост е во согласност со Виенската конвенција за конзуларни односи.

Освен ова, се смета дека е нужно и во оваа фаза на постапката Уставниот суд да го цени фактот дека подносителот на иницијативата, г. Ајдован Адемоски, почесен конзул на Република Турција во Република Северна Македонија, како акредитиран странски претставник, иако е државјанин на Република Северна Македонија, нема процесна способност да поднесува иницијативи пред Уставниот суд.

Имено, иницијативата на Ајдован Адемоски, почесен конзул на Република Турција требала да биде отфрлена од страна на Уставниот суд, затоа што таа не е поднесена од него како од граѓанин на Република Северна Македонија, туку во својство на „почесен конзул", „државјанин на земјата на приемот" (член 71 од Виенска конвенција).

Според член 93 од Законот за надворешни работи, државата со која Република Северна Македонија има дипломатски или конзуларни односи може да именува почесен конзуларен функционер (почесен конзул). Почесниот конзул може да биде македонски или странски државјанин со регулирано право на престој во Република Северна Македонија.

Признавањето на процесна способност на странски претставништва како во овој случај е многу опасен преседан, кој ќе овозможи мешање во внатрешните работи на земјата од страна на странски претставници. Ова значи дека во иднина било кое друго странско претставништво (што значи и амбасада), може да оспори национален закон на Република Северна Македонија.

Воедно, треба да се истакне дека според член 55 од Виенската конвенција, дипломатските и конзуларните претставници не смеат да се мешаат во внатрешните работи на земјата на приемот и мора да ги почитуваат нејзините закони.

Имајќи го предвид горенаведеното, член 15 став (1) точка (1) и став (7) од истиот член од Законот за данок на моторни возила е уреден јасно, прецизно и недвосмислено, бидејќи само на тој начин е гарантирана правната сигурност која е составен дел од принципот на владеење на правото.

Дополнително, се укажува дека секој има уставна обврска да ги намирува јавните давачки, а по однос на начинот на плаќање на јавните давачки се применуваат законски механизми со цел обезбедување на нивно исполнување.

Врз основа на горенаведеното, Владата смета дека член 15 став (1) точка (1), во делот „освен за конзуларните претставништва водени од почесните конзули“ и член 15 став (7) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19), се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Одлука со која ќе утврди согласност на горенаведените одредби од Законот за данокот на моторни возила со Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Васил Кузмановски од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100574, за КО Охрид 4, на КП бр. 966, викано место/ улица Амбарџиица и Имотен лист бр. 100574, за КО Охрид 4, на КП бр. 967, викано место/ улица Амбарџиица и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

1. Владата го разреши Азиз Јакупи од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

1.1. Владата го именува Даут Хајрулахи за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, претставник од Министерството за финансии.

2. Владата ја разреши Елизабета Ивановска, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, стручен работник од центарот за социјална работа.

2.1. Владата го именува Димитар Атанасовски за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, стручен работник од центарот за социјална работа.

3. Владата го одби како неосновано Барањето бр.45-509/1 од 24.12.2020 година од Ромео Деребан поранешен директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација за остварување на право на испратнина при заминување во пензија во висина на двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

4. Владата ја разреши Марица Ѓурческа од должноста претседател на Комисијата за жалби, на нејзино барање.

4.1. Владата го именува Ангел Наковски, за претседател на Комисијата за жалби.

5. Владата ја разреши Неда Гацова од должноста заменик-престедател на Комисијата за жалби, на нејзино барање.

6. Владата ја разреши Татјана Васиќ-Бозаџиева од должноста член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од Министерството за правда.

6.1. Владата го именува Никола Бабановски за член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од Министерството за правда.

7. Владата го разреши Панче Стоименовски од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Виница, на негово барање.

7.1. Владата ја именува Тања Митева за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Виница.

8. Владата го разреши Борче Пројчевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола.

8.1. Владата ја именува Благица Чачаровска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола.

9. Владата го разреши проф. д-р Иван Бимбиловски од должноста член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

10. Владата го разреши Бранко Алексовски од должноста член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, од редот на стручните работници вработени во Центарот.

10.1. Владата го именува Чедомир Димовски за член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, од редот на стручните работници вработени во Центарот.

11. Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државно средно училиште-Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ“ Куманово, ги именува:

- Ленче Давидовска
- Руфат Јашари
- Бранислава Јовановска

12. Владата по објавениот Јавен оглас за именување директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер прес“ и „Коха “на 30.10.2020 година заклучи да не врши избор.

13. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за член на Регулаторната комисија за домување да го именува: Ќемал Ќамили.

14. Владата го именува Никица Бачовски за вршител на должност директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, доесегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го именува Љирим Шабани за вршител на должност директор на Агенција за лекови и медицински средства, досегашен вршител на должноста директор на Агенција за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата го разреши Наим Мисини од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

16.1. Владата ја именува Ариета Мухтари – Бајрами за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

17. Владата го разреши Хасан Кадриу од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

17.1. Влада ја именува Валентина Маневска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

18. Владата го разреши Стевче Ѓурковски од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар.

18.1. Владата ја именува Дијана Чамовска-Неделковска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар.

19. Владата ја именува Адријана Велјанова за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“- Битола.

20. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје ги разреши:

- Кристијан Јовановски и
- Беса Поцеста.

20.1. Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје ги именува:

- Александар Вељановски и
- Љупка Љубиновска.

21. Владата ја именува Јадранка Павловска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државен студентски дом „Кочо Рацин“ – Битола.

22. Владата го разреши Лазар Коцев од должноста член на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија.

22.1. Владата ја именува Билјана Ефтимова за член на Одборот за контрола на материјално – финансиското работење на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија.

23. Владата го разреши Стојанче Петрушев од должноста член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип.

23.1. Владата го именува Тодорче Мишевски за член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип.

24. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје, ги разреши:

- Кире Јовановски и
- Дејан Здравковски.

24.1. Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје, ги именува:

- Владимир Грујовски и
- Синан Хачковиќ.

25. Владата ја именува Ема Нешковска за член на Управниот одбор на Агенција на катастар на недвижности.

26. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, да го отповика Ѓорѓи Дамјановски од должноста член на Управниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, а за член да го избере Васил Коцев.

27. Владата го разреши Фисник Палоши од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. – Скопје.

27.1. Владата ја именува Егзона Локи за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. – Скопје.

28. Владата го разреши Ашим Реџепи од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

28.1. Владата го именува Наим Мисини за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

29. Владата го разреши Дарко Димитровски од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Детски дом „11-ти Октомври“.

29.1. Владата ја именува Магдалена Симоновска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Детски дом „11-ти Октомври“.

30. Владата го именува Петре Дамчески за член на Управниот одбор – преставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – „Железничар“-Скопје.

31. Владата ја разреши Даниела Ристиќ-Стомнароска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје.

31.1. Владата го именува Ивица Михајловиќ за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта – Скопје.

32. Владата врз основа на член 14 став 2 алинеја 1 од Законот за стандардизација и член 16 од Статутот на Инстотутот за стандардизација на Република Северна Македонија, заклучи да му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија од должноста член – претставник на основачот во Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија да ја разреши Ангелина Бачановиќ а за член да ја именува Даниела Ристиќ-Стомнароска.

33. Владата ја разреши Маја Папатолоева од должноста член на Советот за стручно образование и обука, претставник од Министерството за труд и социјална политика.

33.1. Владата ја именува Ивона Кусакатска за член на Советот за стручно образование и обука, претставник од Министерството за труд и социјална политика.

34. Владата го именува Хасан Кадриу за член на Управниот одбор на Агенција за филм на Република Северна Македонија.

35. Владата ја именува Ермира Фида за член на Управниот одбор на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, претставник од Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи предлозите:

7. Лиридона Беќири Лимани, да ја разреши од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот,

8. За член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да го именува Беким Хаџиу, на предлог на министерот за економија,

9. Од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го разреши Јумни Адеми,

10. За член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го именува Јумни Адеми на предлог на Министерството за економија и

30. Андреј Крстевски да го назначи за член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД-Скопје, во државна сопственост, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

## Точка 59

**1.** Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и за наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 23 јуни 2021 година да достави соодветна измена на Законот за животна средина, во насока на зголемување на висината на надоместоците за нафтени деривати и тоа:

1) Моторен бензин

-моторен бензин со содржина на олово повисока од 0,013 г/л и авионски бензин, зголемување за 3,5 ден/л,

-безоловен бензин со содржина на олово до 0.013 г/л, зголемување за 3,1 ден/л

2) Гасно масло

- гориво за дизел мотори, зголемување за 3,5 ден/л,

- масло за горење екстра лесно, зголемување за 3,5 ден/л и

3) Масло за горење М1, М2 (мазут), зголемување за 3,5 ден/кг.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 12 јуни 2021 година до 18 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и

имотот на населението, за периодот од 10 јуни 2021 година до 16 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за располагање со недвижни ствари и движни ствари сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**5.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за статусот на реализација на подготвителните активности за воспоставување на самоодржлив систем за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен Регион – подготовка на урбанистичко – планска документација, за наредна седница на Владата.

**6.** Владата го разгледа Барањето од Општина Ресен за вклучување на Министерството за одбрана во уредување на туристички делови од крајбрежјето на Преспанското Езеро, под број 09-1261/1 од 21 јуни 2021 година и ги задолжи Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, во пресрет на туристичката сезона, а согласно можностите и потребите да помогне околу организацијата и расчистувањето на туристичките делови од крајбрежјето на Преспанското Езеро.

**7.** Владата го задолжи Министерството за култура до Владата да достави Информација со прогрес на активностите во врска со реализацијата на проектот Изградба на новиот објект на НУ Турски театар-Скопје.

**8.** По повод укажувањата на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи за потребата од изнаоѓање на решение за шест лица од Министерството за внатрешни работи претходно распределени во Агенцијата за национална безбедност, а кои во меѓувреме не можеле да обезбедат безбедносен сертификат Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изнајде начин и соодветно на нивното образование да им понуди прераспределување во друга институција.

**9.** По повод укажувањата на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, а во врска со веќе донесените акти кои го регулираат користењето на правото на репрезентација на функционерите во угостителските објекти во земјава, а со цел прецизно и точно постапување по одредбите од истите се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Секретаријатот за законодавство да подготват и до Владата да доставаат соодветни предлози за дополнување/изменување на овие акти во насока на регулирање на одредени ситуации кои не се предвидени во истите.

**10.** По Барањето за постапување по задолжение, а со цел реализација на мерка 24 од 5-ти сет антикризни мерки, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство ја информира Владата дека не постои законска можност да се операционализира мерката, имајќи предвид дека Предлогот на закон за ловство во кој се предложени законските решенија за истото е во собраниска постапка.

**11.** Владата го разгледа усогласениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, го утврди заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник, Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**12.**Владата по Предлогот на закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица во услови на КОВИД-19 заклучи:

- Министерството за правда, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да подготви и на наредната седница на Владата да достави усогласен текст на Предлогот на закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица во услови на КОВИД-19, согласно расправата на седницата на Владата.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Дигитализирање на европската младинска картичка", како материјал за информирање.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за степен на реализација на Законот за младинско учество и младински политики, како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Совет за млади, како материјал за информирање.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на организациона единица „Истражувачки центар“ во рамките на Агенција за млади и спорт, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот потребниот број на вработени во новата организациона единица да го пополни со прераспоредување на вработените од постојниот кадар, без притоа да се бараат нови вработувања и унапредувања.

## Точка 64

Владата го разгледа Извештајот за финасиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во случаите Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 13 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 10 други апликации со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизијана усогласеност за 2019 година на Министерството за култура (сметка на основен буџет 637-10 и сметка на основен буџет 637-12), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за култура да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизијана усогласеност за 2019 година на Министерството за култура (сметка на основен буџет 637-10 и сметка на основен буџет 637-12) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1.7.2019 година до 31.12.2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јуни 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 28.6.2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јунските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 29.6.2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 29.6.2021 година (вторник);
-За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 30.6.2021 година (среда);
-За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 1.7.2021 година (четврток) и
-За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 2.7.2021 година (петок ).

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движна ствар електронски систем за координација во планирање, спроведување, мониторинг и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој, наречен „СиРеРа“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за локална самоуправа, во предложениот текст.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучувањето на Договорот за правен ангажман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и адвокатската фирма Лексиа Аввокати (Lexia Avvocati) со седиште во Милано, Република Италија, за давање на определени услуги како правни советници/трансакциони советници во врска со Проектот Чебрен, со текстот на Договорот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Договорот за правен ангажман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и адвокатската фирма Лексиа Аввокати (Lexia Avvocati) со седиште во Милано, Република Италија, за давање на определени

услуги како правни советници/трансакциони советници во врска со Проектот Чебрен;

2. Се овластува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири да го потпише Договорот за правен ангажман помеѓу Владата на Република Северна Македонија и адвокатската фирма Лексиа Аввокати (Lexia Avvocati) со седиште во Милано, Република Италија, за давање на определени услуги како правни советници/трансакциони советници во врска со Проектот Чебрен.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Договор за консултантски услуги помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Прајсвотерхаускуперс ДООЕЛ Скопје, со текст на Договор за консултантски услуги и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Договорот за консултантски услуги помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Прајсвотерсхаускуперс ДООЕЛ Скопје.

2. Се овластува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири, да го потпише Договорот за консултантски услуги помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Прајсвотерсхаускуперс ДООЕЛ Скопје.

3. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје да ги стави на увид и на располагање сите неопходни документи на трансакцискиот советник упатен од Владата.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на Проектот за конзервација и реставрација на црквата Св. Ѓорѓи во с.Курбиново – I фаза – архитектура и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во Разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата на Министерството за култура, потпрограма 50 – Заштита на културно наследство, ставка 464 – разни трансфери, за чие плаќање потребно е користење на буџетски средства во 2021 година и 2022 година на Министерството за култура и НУ „Завод и музеј"-Битола за конзервација и реставрација на црквата Св. Ѓорѓи во с. Курбиново – I фаза – архитектура во вкупна вредност од 12.878.682,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 3.000.000,00 денари во 2021 година;
- 9.878.682,00 денари во 2022 година;

2. Се задолжува Министерството за култура да ги планира потребните финансиски средства во износ од 9.878.682,00 денари во буџетскиот циркулар за 2022 година, а Министерството за финансии да ги одобри.

3. Се задолжува НУ „Завод и музеј"-Битола, да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи според доставениот предмер пресметка за конзервација и реставрација на црквата Св. Ѓорѓи во с. Курбиново – I фаза – архитектура, доставен до Министерството за култура со допис бр. 08-189/5 од 16.6.2021 година.

**Точка 72**

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2020 година, го усвои Годишниот извештај и заклучи согласно член 27, став 1 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување на материјали за учење и други дидактички материјали за основно образование и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието да подготват материјали за учење и други дидактички материјали за учениците од прво и четврто одделение за учебната 2021/22 година.

2. Се задолжува Бирото за развој на образованието изготвените материјали за прво одделение во печатена форма да ги достави до училиштата до крајот на август 2021 година, а дигиталните материјали за учење за четврто одделение да ги направи соодветно достапни за сите училишта до крајот на август 2021 година.

**Точка 74**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање со Меѓународната банка за реконструкција и развој во врска со Проектот за Локална и регионална конкурентност од Акциското фише 2014 од ИПА 2, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меморандумот за разбирање со Меѓународната банка за реконструкција и развој во врска со Проектот за Локална и регионална конкурентност од Акциското фише 2014 од ИПА 2.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да го потпише Меморандумот за разбирање за имплементација на Проектот за Локална и регионална конкурентност (ПЛРК) со Меѓународната банка за реконструкција и развој, во врска со спроведување на Проектот за Локална и регионална конкурентност.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**